Ndërmarrje publike për menaxhimin me pyjet shtetërore
НАЦИОНАЛНИ ШУМИ П.О.
PYJE KOMBËTARE P.P.
Бр./Nr. 02-404/14-12
07-08-2025 20 год./viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), член 35, а во врска со објавениот интерен оглас за унапредување 01/2025, ВД Директорот на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми" – Скопје, донесе

## ОДЛУКА

### За неизбор на кандидат по Интерен оглас број 01/2025 за унапредување на административен службеник во ЈП Национални шуми

**1.** По објавениот интерен оглас број 01/2025 на веб страната на ЈП Национални шуми и веб страна на Агенција за администрација на ден 21.07.2025 година за работно место КДР0102Б04036 Раководител на одделение за заштита на животната средина, заштитени подрачја и планински туризам - 1 (еден) извршител, **не се врши избор на кандидат за унапредување.**

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена на веб страна на ЈП Национални шуми п.о. Скопје.

### Образложение

Врз основа на добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии со архивски број 19-7432/2 од 17.07.2025 година, ВД Директорот на ЈП Национални шуми упати барање со архивски број 02-404-1 од 18.07.2025 година за објавување на интерен оглас за унапредување на административен службеник во ЈП Национални шуми п.о – Скопје.

Секторот за правни, општи работи и човечки ресурси, објави интерен оглас број 01/2025 со архивски број 02-404/2 од 18.07.2025 година за унапредување на 12 (дванаесет) административни службеници во ЈП Национални шуми, на ден 21.07.2025 година на веб страната на ЈП Национални шуми и на веб страната на Агенција за администрација.

Комисија за селекција за унапредување на административни службеници на ден 06.08.2025 година направи административна селекција на пријавените кандидати кои што ги исполнуваааа условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Национални шуми п.о. Скопје. Врз основа на освоените бодови од административна селекција, комисијата состави Записник од административна селекција за интерен оглас број 01/2025 за унапредување на административни службеници со архивски број 02-404/8 од 06.08.2025 година, во кој комисијата наведе дека за горенаведеното место има пријавено два кандидати од кој едниот е неуреден, како причина за неуредност се наведува дека – "кандидатот не поминал најмалку 2 години на тековното работно место", додека уредниот кандидат е повикан на интервју. Комисијата изработи Записник од спроведување на интервју за унапредување на административен служнбеник на работно место од категорија Б и изготви Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 01/2025 со архивски број 02-404/13 од 06.08.2025 година. Врз

основа на ранг листата и спроведеното интервју на кое пријавениот кандидат не покажа особени задоволителни резултати што се потребни за работното место ВД Директорот на ЈП Национални шуми п.о. Скопје донесе одлука да не се врши изврши избор, поради што се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата.

**ЈП „Национални шуми" – Скопје**
**ВД Д и р е к т о р,**
**Здравко Трајанов**

**Доставено до :**

- Архива
- Именуваниот/та
- Одделение за човечки ресурси

Изготвил, Сузана Димовска